ШПИЦ

**ШПИЦ: Иван Стоиљковиќ: САКААТ ДА НЕ ЗАМОЛЧАТ**

Министерството за одбрана најнапред одобрило, а потоа забранило во Домот на АРМ да се одржи трибина насловена „Косово и Метохија помеѓу силата и правото и можните последици", тврди пратеникот Иван Стоиљковиќ од Демократска партија на Србите во Македонија (ДПСМ). Стоиљковиќ информира дека трибината нема да се откаже и дека денеска од 13 до 15 часот ќе се одржи под ведро небо, пред Домот на АРМ. Тој информира и дека учесници ќе бидат професорите Билјана Ванковска и Љубомир Цуцуловски, како и пратеници од Собранието.

Стоиљковиќ рече и дека во првата можност ќе побара објаснување за овој проблем лично од премиерот Никола Груевски. - Некој во Република Македонија повторно се обидува да посее страв и на некого да му забрани да говори слободно. Ова е крајно непринципиелен потег на Министерството за одбрана, кој заслужува осуда бидејќи не може да се дозволи една институција да им го ускрати правото слободно да го искажат своето мислење на еминентни научници и доктори на науки - вели Стоиљковиќ.

Од Министерството за одбрана велат дека станува збор за чиста лага и политичка манипулација на пратеникот Стоиљковиќ.

- Службите на Министерството за одбрана не одобриле, па откажале да се одржи трибина во Домот на АРМ, туку кога било добиено неговото барање веднаш му одговориле негативно поради фактот што салата во која било предвидено да се одржи трибината во тој термин била зафатена - вели Захарие Вулгаракис, портпарол на Министерството за одбрана.

23.02.2008